ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 21 ДАТА 02.06.2021 ГОДИНА 39

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 21 ДАТА 02.06.2021 г.

## СОДРЖИНА

- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ТАБЕЛА ОД ТРЕТА ЛИГА - СЕВЕР ЗА 2020/2021
- ТАБЕЛИ ОД ОПШТИНСКА ЛИГА КУМАНОВО "А" и "Б" ОД НАТПРЕВАРУВАЧКА 2020/2021 ГОДИНА

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 20.05.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ГЛИШИЌ„ с. Глишиќ: Стојанов Т. Петре од Фудбалскиот клуб „Сирково„ од с. Сирково, по член 36/1.

**Седница од 01.06.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ЖФК „ГАБЕР„ с. Ваташа: Крстева М. Кристина, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА

**Седница од 01.06.2021 година**

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира Клуб за мал фудбал - КМФ „Конзули 2021„ од Битола, врз основа на Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија ЕМБС 7507160, со седиште во Битола на улциа „Бонде Скерлевски„ број 18.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Дополнување на документација од**
**Седница од 10.05.2021 година**
**за ОФС Тетово**

- **Склучување на Анекс на професионални договори:**

ФК „Шкендија АД„ од Тетово и фудбалетите: Да Силва Вандерсон Игор, Рубин Хебај, Антонио Павич и Камер Ќака склучија Анекси на Договирите за вработување на фудбалер за професионално занимавање со фудбал, со тоа што: договорот со Да Силва Вандерсон Игор се продолжува за 1 (една) година и ќе трае до ЛПР 2022 година, договорот со Рубин Хебај се продолжува за 2 (две години) и ќе трае до ЛПР 2023 година, договоро со Антонио Павич се продолжува за 1 (една) година и ќе трае до ЛПР 2022 година и договорот со Камер Ќака се продолжува за 2 (две) години и ќе трае до ЛПР 2023 година.

- **Склучување на Анекс на Договори за професионално тренирање:**

ФК „Шкенија АД„ од Тетово и фудбалските тренери: Ернест Ѓока и Фајтон Тафај склучија Анекси на Договорите за професионално тренирање, со тоа што договорот на Ернерст Ѓока се продолжува за дополнителоно од 1 (една) година и ќе трае до 31.05.2022 година, а договорот со Фатјон Тафај се продолжува за дополнително од 1 (една) година и ќе трае до 31.05.2022 година.

**Седница од 01.06.2021 година**
**за ОФС Тетово**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „ЕС„ с. Камењане: Реџепи Г. Леарет, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 01.06.2021 година**

- **Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз фудбалерот Мемиши Фљакрон од Фудбалскиот клуб „Куманова Милано 2010„ од Куманово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општиннски фудбалски сојуз.

- **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавуа активирањсето на Женскиот фудблски клуб „Куманово Победа„ од с. Тромеѓе - Куманово, регистрирано со Решение од Централниот регистер со ЕМБС број 6900968 од 20.09.2013 година и тековна Сосојба од 10.02.2020 година, бидејќи тековната Состојба е постара од 6 (шест) месеци.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ОХРИД

**Седница од 31.05.2021 година**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „НЕКСТ ЛЕВЕЛ 2020„ Охрид: Мицкоски Петар, Секулоски В. Емилијан, Костески Андреј, Анаков З. Давид, Попоски К. Јован и Попоска К. Марија, по чнен 35/1.

ФК „РУДАР„ с. Куратица. Камнароаски Валентин, по член 35/1.

ФК „ЛА МАСИА„ Омхрид: Ѓошески В. Ева, по член 35/1.

ЖФК „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ 2010„ Охрид: Луканова И. Лина, Стојаноска В. Теона и Лора Миленкоска А. Лора, по член 35/1.

- **Поништување на ипсисница**:

Се поништува исписницата издадена на ден 25.01.2021 година од страна на ФК „ОСК Фер Плеј„ од Охрид на играчот Кузмановси И. Бобан Ид.бр. 121809 и истиот останува член на ФК „ОСК Фер„ Плеј„ од Охрид.

- **Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира Женски фудбалски клуб „Интернационал 2021„ од Охрид согланso Решението на Централниот регистер на Република Северна Македонија со ЕМБС број 7503067 од 04.05.2021 година.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 01.06.2021 годдина**

- **Регистрација на фудбалери:**

ФК „БУТЕЛ„ Скопје: Јонузовски Куртиш, по член 35/1.

ФК „ЛОКОМОТИВА 1954„ Скопје: Пирков Виктор од ФК „Локомотива Бентоекспиорт„ од Скопје, по член 35/2.

ФК „САРАЈ„ с. Сарај: Ибрахими Н. Омер од Фудбалскиот клуб „Сарај„ од с. Сарај, по чл. 35/2.

ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1259/3
19.05 2021 год.

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 19.05.2021 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор и тоа:

На седницата одржана на ден **27.04.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-1109/2

На седницата одржана на ден **28.04.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-1129/2
- Одлука со деловоден број 0202-1129/3
- Одлука со деловоден број 0202-1129/4
- Одлука со деловоден број 0202-1129/5

На седницата одржана на ден **06.05.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-1181/2
- Одлука со деловоден број 0202-1181/3
- Одлука со деловоден број 0202-1181/4

На седницата одржана на ден **07.05.2021** година и тоа:

- Одлука со деловоден број 0202-1190/2

2. Одлуката стапува на сила веднаш и истата ќе се објави во Макфудал.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 19.05.2021 година, ги разгледа одлуките донесени од страна на Одборот за итност во периодот помеѓу две седници, по што донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/3

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1259/10
19 05 2021 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 109 в. в член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за натпреварување на седницата одржана на 19.05.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за прекин на КУП и првенството во млади категории во Прва Супер лига, Втора лига и Трети лиги во млади категории за сезона 2020/21.**

1. Се усвојува предлогот бр. 16-1268/1 од 19.05.2020 година, поднесен од Младинска комисијата на ФФМ за прекин на првенството во млади категории во сите степени на натпреварување за сезона 2020/21.

2. Се прекинува КУП натпреварувањето во сите млади категории за натпреварувачката 2020/21 година.

3. Се прекинува првенството во <u>Прва супер лига</u> за млади категории за сезона 2020/21 , табелите по категории се утврдуваат заклучно со последното одиграно коло до 19.04.2021 година во сите категории согласно одредбите од член 36а од Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2020/21 година.

4. Се прекинува првенството во <u>Втора лига во млади категории</u> за сезона 2020/21 , табелите се утврдуваат заклучно со последното одиграно коло до 19.04.2021 година согласно одредбите од член 36а од Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2020/21 година.

5. Се прекинува првенството во <u>Трета лига во млади категории</u> за сезона 2020/21 , табелите се утврдуваат по категорија до заклучно со последното одиграно 14 коло до 19.04.2021 година согласно одредбите од член 36а од Пропозициите за натпреварување во млади категории за натпреварувачката 2020/21 година;

6. Одлуката стапува на сила веднаш.

7. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 19.05.2021 година го разгледа предлогот бр. 16-1268/1 од 19.05.2020 година, поднесен од Младинска комисијата на ФФМ за прекин на првенството во млади категории во сите степени на натпреварување за сезона 2020/21.

Управниот одбор констатира дека Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварувањето, во услови на нови мерки донесени од страна на

Управен одбор

Владата на РСМ на 19/20.04.2021 година а кои го условуваат натпреварувањето со задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар, предлага Управниот одбор на ФФМ да ги прекине сите првенствени и куп натпревари во млади категории за сезона 2020/21.

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и обврската на клубовите за задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар и имајќи го во предвид бројот на фудбалери кои се опфатени во младите категории на клубот, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/10

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр 0202-1259/11
19.05.2021 год.

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 109 в. в член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за женски фудбал на седницата одржана на 19.05.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2020/21

1. Се усвојува предлогот бр. 17-1270/2 од 19.05.2021 година, поднесен од Комисијата за женски фудбал за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2020/21.

2. Се прекинува КУП натпреварувањето во женски фудбал во сите категории за натпреварувачката 2020/21 година.

3. Се прекинува првенството во Прва ЖФЛ за сезона 2020/21 ,табелата се утврдува заклучно со последното одиграно коло до 19.04.2021 година согласно одредбите од член 31а од Пропозициите за натпреварување во Првата женска фудбалска лига за натпреварувачката 2020/21 година.

4. Се прекинува првенството во млади категории во женски фудбал за сезона 2020/21 , табелите се утврдуваат заклучно со последното одиграно коло до 19.04.2021 година согласно одредбите од член 37а од Пропозициите за натпреварување во млади категории во женска конкуренција за натпреварувачката 2020/21 година.

5. Одлуката стапува на сила веднаш.

6. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 19.05.2021 година го разгледа предлогот бр. 17-1270/2 од 19.05.2021 година, поднесен од Комисијата за женски фудбал за прекин на сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал за сезона 2020/21.

Управниот одбор констатира дека Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварувањето, во услови на нови мерки донесени од страна на Владата на РСМ на 19/20.04.2021 година а кои го условуваат натпреварувањето со задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар, предлага Управниот одбор на ФФМ да ги прекине сите првенствени и куп натпревари во категоријата женски фудбал.

Деловоден број 0202-1259/11

Управен одбор

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и обврската на клубовите за задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар, имајќи го во предвид и произнесувањето на поголемиот број од клубовите, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/11

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1259/12
19.05 2021 год

Управниот одбор на ФФМ, врз основа на член 109 в. в член 176 од Статутот на ФФМ, по предлог на Комисијата за футсал на седницата одржана на 19.05.2021 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за прекин на првенствени и куп натпревари во категоријата футсал за сезона 2020/21

1. Се усвојува предлогот бр. 18-1265/1 од 19.05.2021 година, поднесен од Комисијата за футсал за прекин на куп натпреварите и натпреварите од Првата футсал лига за сезона 2020/21 доколку мерката за задолжителни ПЦР тестови не се укине до 21.05.2021 година.

2. Доколку мерката за задолжителни ПЦР тестови не се укине до 21.05.2021 година, се прекинува КУП натпреварувањето во футсал натпреварувањето за натпреварувачката 2020/21 година.

3. Доколку мерката за задолжителни ПЦР тестови не се укине до 21.05.2021 година, се прекинува првенството во Прва футсал лига за сезона 2020/21, табелата се утврдува заклучно со последното одиграно коло до 19.04.2021 година согласно одредбите од член 36а од Пропозициите за натпреварување во Прва футсал лига за натпреварувачката 2020/21 година.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ – Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 19.05.2021 година го разгледа предлогот бр. 18-1265/1 од 19.05.2021 година, поднесен од Комисијата за футсал за прекин на првенствените натпревари од Прва футсал лига и куп натпреварите во категоријата футсал за сезона 2020/21 доколку мерката за задолжителни ПЦР тестови не се укине до 21.05.2021 година.

Управниот одбор констатира дека Комисијата по разгледување на сите можности за продолжување на натпреварувањето, во услови на нови мерки донесени од страна на Владата на РСМ на 19/20.04.2021 година а кои го условуваат натпреварувањето со задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар, предлага Управниот одбор на ФФМ да ги прекине првенствените натпревари од Прва футсал лига и куп натпреварите во категоријата футсал за сезона 2020/21 доколку мерката за задолжителни ПЦР тестови не се укине до 21.05.2021 година.

Деловоден број 0202-1259/12

Управен одбор

Управниот одбор ги ценеше согледувањата на Комисијата во однос на пандемијата со Ковид19 во државата и обврската на клубовите за задолжителни ПЦР тестови пред секој натпревар, имајќи го во предвид и произнесувањето на поголемиот број од клубовите, Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Муамед Сејдини

Деловоден број 0202-1259/12

Дисциплинска Комисија

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0801-1162/2
06.05 2021 год.

Врз основа на член 116 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, а вв со член 122, член 125 од Дисциплинскиот Правилник на ФФМ, Дисциплинската Комисија во состав:Арбен Борова-Претседавач,Сашка Зердеска-Член,Нина Николовска-член,Дејан Бошков -Член, постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1162/1 од 04.05.2021 година против Ристе Каракамишев со ИД 101357 фудбалер на Ф.К.Силекс АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.05.2021 година во рамки на 31 коло Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Борец1919 АД поради втор жолт-црвен картон, врз основа на член 35 од ДП на ФФМ на седницата одржана на ден 06.05.2021 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. На Ристе Каракамишев со ИД 101357 фудбалер на Ф.К.Силекс АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.05.2021 година во рамки на 31 коло Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Борец1919 АД поради втор жолт-црвен картон, **СЕ ИЗРЕКУВА дисциплинска мерка забрана на настап на 1(еден) првенствени/куп натпревари.**

2. Дисциплинската мерка тече од 02.05.2021 година.

3. Одлуката да се објави во МАКФУДБАЛ.

## О б р а з л о ж е н и е

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Комисијата за натпревари бр. 15-1162/1 од 04.05.2021 година против Ристе Каракамишев со ИД 101357 фудбалер на Ф.К.Силекс АД исклучен од натпреварот одигран на ден 01.05.2021 година во рамки на 31 коло Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Борец1919 АД поради втор жолт-црвен картон,ги разгледа предложените докази од пријавувачот и тоа: записник од натпреварот, дополнителен делегатски извештај, изјава од пријавениот и изјава од главниот судија на натпреварот, ја утврди следната фактичка состојба:

На ден 01.05.2021 година е одигран натпреварот во рамки на 31 коло Прва МФЛ помеѓу, Ф.К.Силекс АД-Ф.К.Борец1919 АД на Градски стадион во Кратово .Во 45 минута од натпреварот на играчот со број 6 Ристе Каракамишев со ИД 101357 фудбалер на Ф.К.Силекс АД му е доделен жолт картон од страна на главниот судија на натпреварот поради недозволен старт врз противнички играч,во 47 минута од натпреварот на истиот играч му е доделен втор жолт картон односно црвен картон од страна на главниот судија на натпреварот Јован Качески поради спречување на ветувачка акција за гол .

Согласно вака утврдената фактичка состојба, Комисијата земјаќи ги во предвид сите околности од член 3 од ДП на ФФМ констатира дека со ваквото неспортско однесување пријавениот сторил прекршок утврден во член 35 од ДП на ФФМ, по што одлучи како во диспозитивот.

**Дисциплинска Комисија**
**Претседател**
**Арбен Борова с.р**

**ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право да изјави жалба до Комисијата за жалби на ФФМ, преку оваа комисија во рок од 3 дена од денот на прием на оваа одлука, со уплата на такса во износ од 6.000.00 денари (физички лица)/12.000.00 денари (правни лица) на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје.**

**ДН:**
**Ф.К.Силекс АД**
**АРХИВА НА ФФМ**
**МАКФУДБАЛ**

# Табела

Организација: (29) Општински Фудбалски Сојуз КУМАНОВО
Натпреварување: (3344656) Трета лига СЕВЕР 20/21 - 2020/2021

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК ФОРТУНА | 19 | 17 | 0 | 2 | 74 | 15 | +59 | 51 |
| 2. | ФК БЕСА-ВЛАЗРИМИ | 20 | 15 | 2 | 3 | 56 | 25 | +31 | 47 |
| 3. | ФК ЊУ СТАРС | 19 | 11 | 4 | 4 | 42 | 18 | +24 | 37 |
| 4. | ФК СТУДЕНА ВОДА | 20 | 12 | 1 | 7 | 46 | 23 | +23 | 37 |
| 5. | ФК БАШКИМИ ЉУБОТЕН | 20 | 11 | 3 | 6 | 41 | 29 | +12 | 36 |
| 6. | ФК МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ-ЈУНИОР | 19 | 9 | 5 | 5 | 45 | 30 | +15 | 32 |
| 7. | ФК ПЕТРОВЕЦ | 20 | 9 | 3 | 8 | 31 | 36 | -5 | 30 |
| 8. | ФК РИНИА 98 | 20 | 8 | 3 | 9 | 28 | 38 | -10 | 27 |
| 9. | ФК ИЛИНДЕН | 20 | 8 | 2 | 10 | 38 | 54 | -16 | 26 |
| 10. | ФК РАШТАК | 19 | 7 | 3 | 9 | 35 | 37 | -2 | 24 |
| 11. | АД ФК Башкими 1947 Куманово | 20 | 7 | 2 | 11 | 26 | 32 | -6 | 23 |
| 12. | ФК ССК НОВА | 19 | 6 | 3 | 10 | 20 | 46 | -26 | 21 |
| 13. | ФК Аеродром 2018 | 20 | 5 | 3 | 12 | 21 | 38 | -17 | 18 |
| 14. | ФК ЛОКОМОТИВА-БЕНТОЕКСПОРТ | 15 | 4 | 4 | 7 | 23 | 27 | -4 | 16 |
| 15. | ФК ВОЛКОВО 1964 | 19 | 3 | 2 | 14 | 27 | 52 | -25 | 11 |
| 16. | ФК РЕЧИЦА с.Речица | 19 | 0 | 4 | 15 | 25 | 78 | -53 | 4 |

Општински фудбалски сојуз КУМАНОВО ТРЕТА ЛИГА СЕВЕР Куманово

**Поз.:** Позиција **ОН:** Одиграни натпревари **Поб:** Победи **Н:** Нерешено **Пор:** Порази
**ПОС:** Постигнати голови **ПРИ:** Примени голови **ГР:** Гол разлика **БОД:** Бодови

# Табела

*Организација: (29) Општински Фудбалски Сојуз КУМАНОВО*
*Натпреварување: (3424096) Општинска А Фудбалска Лига Куманово 20/21 - 2020/2021*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК МЛАДОСТ 2015 | 14 | 11 | 3 | 0 | 44 | 10 | +34 | 36 |
| 2. | ФК ЈУНИОР с.Доброшане | 14 | 10 | 1 | 3 | 37 | 20 | +17 | 31 |
| 3. | ФК КУМАНОВО 2012 | 14 | 7 | 4 | 3 | 29 | 16 | +13 | 25 |
| 4. | ФК КАРПОШ 93 | 14 | 7 | 3 | 4 | 21 | 13 | +8 | 24 |
| 5. | ФК ЧЕТИРЦЕ | 14 | 6 | 1 | 7 | 24 | 26 | -2 | 19 |
| 6. | ФК РАН ПРОИЗВОД | 14 | 5 | 2 | 7 | 18 | 29 | -11 | 17 |
| 7. | ФК МАКЕДОНИЈА АГИНО | 14 | 4 | 4 | 6 | 31 | 29 | +2 | 16 |
| 8. | ФК ПЧИЊА 2015 | 14 | 4 | 4 | 6 | 20 | 32 | -12 | 16 |
| 9. | Победа с.Тромеѓа Куманово | 14 | 3 | 2 | 9 | 17 | 34 | -17 | 11 |
| 10. | ФК КОЗЈАК с.Старо Нагоричане | 14 | 1 | 0 | 13 | 16 | 48 | -32 | 3 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-КУМАНОВО
ФФМ

**Поз.:** Позиција **ОН:** Одиграни натпревари **Поб:** Победи **Н:** Нерешено **Пор:** Порази
**ПОС:** Постигнати голови **ПРИ:** Примени голови **ГР:** Гол разлика **БОД:** Бодови

# Табела

*Организација: (29) Општински Фудбалски Сојуз КУМАНОВО*
*Натпреварување: (3424656) Општинска Фудбалска Б Лига Куманово 20/21 - 2020/2021*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК КУМАНОВА-МИЛАНО 2010 | 10 | 8 | 2 | 0 | 30 | 7 | +23 | 26 |
| 2. | ФК КОСТУРНИК | 9 | 7 | 1 | 1 | 29 | 13 | +16 | 22 |
| 3. | ФК ОРАШАЦ | 9 | 4 | 2 | 3 | 17 | 11 | +6 | 14 |
| 4. | ФК КЛЕЧОВЦЕ | 10 | 3 | 3 | 4 | 21 | 29 | -8 | 12 |
| 5. | ФК СЛОГА с.Умин Дол | 9 | 3 | 2 | 4 | 12 | 13 | -1 | 11 |
| 6. | ФК БОРЕЦ КУМАНОВО | 9 | 3 | 0 | 6 | 11 | 25 | -14 | 9 |
| 7. | ФК КУМАНОВО ЕУРОСПОРТ-ВАРДАР | 10 | 0 | 0 | 10 | 9 | 31 | -22 | 0 |

ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-КУМАНОВО ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКА ФФМ 13

**Поз.:** Позиција **ОН:** Одиграни натпревари **Поб:** Победи **Н:** Нерешено **Пор:** Порази
**ПОС:** Постигнати голови **ПРИ:** Примени голови **ГР:** Гол разлика **БОД:** Бодови

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" бб
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**